ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 07.04.2016

Почитувани уважени гости,
Почитувани дами и господа,
Почитувани претставници на медиумите,

Ми претставува особена чест да присуствувам на овој настан што има за цел да ја подигне јавната свест за важноста на здравјето. Грижата за здравјето низ сите фази на животот е фундаментално право на сите, а не привилегија на неколкумина. Доброто здравје е фундамент за економска и социјална стабилност. Тоа е клучот за намалување на сиромаштијата и за од одржливиот развој. Но, најважно од се, е тоа што на доброто здравје не може да се гледа како на придобивка само на еден сектор, туку здравјето е резултат на ангажираноста во сите сегменти на општеството.

Секоја година, на 7 април, под покровителство на Светската здравствена организација го одбележуваме Денот на здравјето. Уште од 1950 година, овој ден се почитува насекаде во светот со цел да се укаже на важноста од глобалните прашања од сферата на здравството. Седми април го одбележуваат владите, здруженијата на пациенти, здравствените фондови. Годинава, Денот на здравјето го одбележуваме под мотото „Да го победиме дијабесот“.

Во светот има околу 415 милиони луѓе кои имаат дијабетес.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Имајќи ја во предвид сериозноста на болеста, Фондот во соработка со матичните лекари воведе превентивни цели за рано откривање на болести, од кои едната цел е наменета за дијабетес. Исклучително е важно е сите осигуреници да не го пропуштаат превентивниот преглед за дијабетес кај матичниот лекар. Доцна откриениот или неконтролираниот дијабетес, доведува до хипертензија, коронарна артериска болест, мозочен удар, а многу чести се и случаите на дијабетично стапало и катаракта, оштетена бубрежна функција која завршува со дијализа и потреба од трансплантација на бубрег.

За зголемување на свесноста од можните компликации од дијабетес, Фондот за здравствено осигурување на Македонија во соработка со професионалното здружение на дијабетолози изработи и испечати едукативеи материјал - флаер за заболените од дијабетес. Флаерот во себе го содржи протоколот за лекување, т.е. задолжителните прегледи кои пациентите треба да ги направат во текот на годината со цел да се избегнат можните компликации. Овој едукативен материјал е дел од севкупниот сет мерки на Владата за грижа и превенција на здравјето на осигурениците. За да бидат полесно достапни, Фондот ги достави едукативните флаери до матичните лекари за тие да им ги дистрибуираат на своите пациенти на кои им се потребни.

Вкупната бројка на испечатен едукативен материјал е 180.000 флаери наменети за пациентите со дијабетес.

Минатата година започнавме директна комуникација со осигуреници кои се хронично болни од дијабетес, од кардиолошки и бубрежни заболувања во рамки на реализација

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

на проектот „Фондот се грижи за хронично болни“. Досега тимовите на Фондот контактираа со повеќе од 30.500 граѓани за да ги информираат и потсетат лицата со дијабетес за почитување на насоките на лекарите, како и за важноста од редовни контроли и примена на пропишаната терапија. Одзивот на граѓаните е охрабрувачки бидејќи сите искажаа задоволство што некој ги контактира за да ги информира и потсети колку е важна грижата за сопственото здравје.

Дозволете ми да го завршам моето излагање со мислата дека нашата цел е здравје и добросостојба за сите, како еднакво човеково право. Добрите политики кои промовираат правичност и еднаквост имаат подобра шанса. Ние мора да се справиме со современите предизвици во здравството преку пристап фокусиран на социјалните детерминанти во кој се вклучени целата власт и целото општество, бидејќи здравјето е значаен општествен ресурс.

Доброто здравје е придобивка за сите сектори, како и за општеството во целина – затоа претставува вреден ресурс. Доброто здравје е предуслов за економскиот и за општествениот развој и е од витално значење за животот на секое лице, на семејството и на заедницата.

Ви благодарам!